СВЕТСКИ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС




НЕДОСТОЈНИ СЕ ИНИЦИЈАТИВИТЕ ЗА ПРЕИМЕНУВАЊЕ НА АЕРОДРОМОТ ВО ПЕТРОВЕЦ ПО БАРАЊЕ НА АТИНА!

10 ноември 2017 година, Скопје, Македонија - Светскиот Македонски Конгрес (СМК) како недостојна ја отфрла иницијативата за преименување на аеродромот во Петровец, освен во Александар Македонски!

СМК за недостојни ги оценува сите иницијативи за преименување кои се антимакедонски, а по барање на Владата во Атина, со цел денационализација на Македонскиот народ и деноминација на државата Македонија!

Македонците сметаат дека културата и историјата на Македонија не се екслузивно право, туку дел од културно-историскиот идентитет на сите балкански демоси како современи политички нации, во чијашто основа е македонскиот етнос, независно од разликите во читањето на историјата од аспект на актуелната гео-политика, дури и независно од разликите меѓу современите литературни јазици како производ на современите политички нации! Но, нацијата треба да покаже достоинство во одбрана на честа, идентитетот, културното и историското наследство!